KOLA

Постоиме од 1992 година како најдобро организирана дистрибутерска куќа во регионот, со најсовремени софтверски решенија и лидер во воведувањето на светските новитети . Уште на самите почетоци го избравме квалитетот како единствена мерка за успех. Практикувајќи континуирано вложување во своите вработени, професионализација на сите процеси и воведување високи стандарди во своето работење, ги поместуваме границите на регионалниот пазар. Успехот се базира на одговорноста што ја негуваме во сите аспекти на бизнисот, како и максимално посветената и професионална работа.

Доколку имате желба да бидете дел од компанија со големо искуство која го разбира значењето на човечкиот капитал и се грижи за развојот на сопствените човечки ресурси и нивно натамошно усовршување и унапредување, Ве молиме внимателно проследете ја следната информација:

## КОЛА ДООЕЛ  Скопје

го објавува следното слободно работно место:

**ПРАВНИК** 1 (еден) извршител
на определено време од 6 (шест) месеци со можност за продолжување

**Цел и одговорност на работното место:**
- Изготвување на опомени пред тужба;
- Секојдневно комуницирање со странки, должници, вонсудснко догаварање за плакање на долгот што го должат во нашето друштво;
- Изготвување на договори  за потребите на друштвото;
- Вадење потребни документи од Централен Регистар на Македонија;
- Прием на инспекцииски органи од делокругот на работа и корекција на евентуалните забелешки и сугестии кои ги упатиле тие органи;
- Следење на измените и дополнувањата на законски прописи и укажување за истите на останатите делови од друштвото;
- Вадење на дозволи од соодвените органи за потребите на друштвото;
- Врши и други работи кои спаѓаат во делокругот на работењето.

**Услови за вршење на работата:**
- Стручна подготовка - ВСС - правен факултет;
- Положен правосуден испит;
- Минумум 3 години работно искуство на слична работна позиција;
- Одлично познавање на Англиски јазик;
- Одлично познавање на Word, Excel i Power Point;
- Возачка дозвола Б категорија;



организациски способности



аналитички способности



комуникациски вештини



способност за индивидуална и тимска работа



способност за работа под притисок



иницијативност

Работната недела трае 5 работни дена, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок. Од понеделник до петок работното време започнува во 08:00 часот а завршува во 16:00 часот.
Нето платата изнесува од 28.000,00 денари до 31.000,00 денари.

Вашата кратка биографија, копија од Уверение за завршено потребно образование,  дополнителни дипломи и сертификати потребни за работната позиција, испратете ги на следната електронска пошта: hr@kola.com.mk или доставете ги на Ул. Качанички пат бр.254 од 03.10.2019 година до 08.10.2019 година. со задолжителна назнака **Правник.** Само кандидатите кои ќе достават комплетна документација и кои ги исполнуваат бараните услови наведени во огласот ќе бидат вклучени во процесот на селекција и ќе бидат соодветно известувани за неговиот тек.

Изборот за соодветен кандидат ќе се врши во рок од:
Доколку се пријавиле до 200 кандидати за работното место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.

Лице контакт Маја Смилевска